# Дневна хемеротека за *14.12.2015г.*

## Окно - *Просечна годишна концентрација на ПМ 10 во 2014*

# Просечна годишна концентрација на ПМ 10 во 2014

Екологија

14.12.2015
00:35




Извор: Смог аларм

## Сител - [Собранието ќе ја продолжи 74. седница]

# Собранието ќе ја продолжи 74. седница

Испрати | Ми се допаѓа | Сподели 0 | Tweet | G+1 0



Собранието на Република Македонија денеска треба да одржи ново продолжение на 74. седница.

На дневен ред се Предлог законот за амнестија во прво читање и Информација за енормното загадување на амбиентниот воздух во Република Македонија.

## МКД - *Битолчани се собраа на протест против загадувањето*

МКД

# Битолчани се собраа на протест против загадувањето

Со емотивен говор, 35-годишниот Александар Јовановски, болен од малигно заболување на лимфите, ги расплака насобраните битолчани на протестниот собир во Битола, против загадувањето на воздухот, објави Мета.

СПОДЕЛИ

Share 21

Tweet

ПОЛИТИКА

ГФИ: Од Македонија годишно се изнесуваат по 516...

Денеска Груевски ќе сведочи пред Анкетната...

Ахмети на средба со Бејли: Главните обврски од...

Студентски пленум не запира со борбата против...

Спасовски: Избрзана е реакцијата на Чавков на...

Договорена нова лидерска средба во вторник

ОБЈАВЕНО НА

12 декември 2015 - 22:18



Пред насобраните граѓани, Александар, зборувајќи за болеста и за трагедиите на неколку различни генерации, упати силни пораки до властите за игнорантскиот однос кон загадениот воздух, причините и последиците од него.

„Како да останеме исти после толку загубени животи? Пред еден месец ми дијагностицираа Хочкинов лимфом, лани почина татко ми, па сопругата на мојот другар, па мој пријател. Значи три генерации. За мојата болест, докторите велат дека сум претрпел стресови, сум јадел нездрава храна, сум

дишел нечист воздух. Во која земја сум ја јадел таа храна, каде сум го дишел тој загаден воздух? Ова не е мојот град, ова не е мојата Македонија", зборуваше Александар на собирот.

Истовремено со битката против болеста, најави и отворена институционална битка за справување со загадувањето.

Прстот го впери во локалните власти, посебно на Битола, Скопје и Тетово, но и во најголемите загадувачи, РЕК „Битола" и „Југохром".

„Господине Талески, проблемот со аерозагадувањето и нашиот неквалитетен живот се решаваат долгорочно. Со сериозни студии и експерти, процедурите требаше да бидат завршени. Предоцна е, поминаа десет години, едноставно треба да си одите. Вие сте губитници на темата чист воздух. Затоа ќе бидеме на улиците и во институциите, и ќе ве нервираме на 'Фејсбук' и на 'Твитер'. Нема да се предадеме како генерација, ќе се бориме за нашиот живот", рече Александар, кој на крајот побара да се легализира марихуаната за медицински цели.



Од здружението „За нас се работи“, почнаа со потпишување на петицијата која ќе биде доставена до Советот на Општината, за да се изгласа и достави до Владата за справување со аерозагадувањето.

„Се собравме вечерва, за да си дадеме шанса, нам и на своите деца, но се собравме и за сите оние кои не напуштија прерано и си заминаа од овој свет, поради проблемот со загадениот воздух и загадената околина. Состојбата со нечистиот воздух во Битола е алармантна и затоа преминуваме во една нова форма на потпишување петиција. Важно е нашиот глас да се пренесе и да се слушне, затоа не е важно колку не има вечерва“, рече Иван Јерчиќ, од здружението „За нас се работи“.

Од Здружението ја предложуваат платформата „5-ка“ за Битола, која досега ја поддржаа повеќе јавни личности, уметници, активисти, здравствени работници... Здружението предлага режим на сообраќајот во централното подрачје на градот, прскање на улиците со соодветна хемиска смеса, јавен еколошки градски превоз, субвенционирање на трошоците за електрична енергија на домакинствата и преадаптација на постојната топлификација во институциите, како што се болница, училишта, суд, полиција и приванти субјекти кои загревањето на своите простории го вршат преку согорување на тврди горива.

## Курир - Усвоен договорот за ограничување на глобалното затоплување на конференцијата во Париз

КУРИР

# Усвоен договорот за ограничување на глобалното затоплување на конференцијата во Париз

**Министрите на земјите учеснички на Меѓународната конференција за климата во Париз, денеска ја усвоија спогодбата за ограничување на глобалното затоплување. Спогодбата е одобрена од речиси 200 нации, јави Танјуг.**

13 Декември 2015 | 09:10 Ми се допаѓа Сподели 0 Испрати



Претходно францускиот претседател Франсоа Оланд ги повика министрите од земјите учеснички на Меѓународната конференција за климата да преземат „одлучувачки“ чекор и да го усвојат „историскиот пакт“ за ограничување на глобалното затоплување.

-Морате да преземете конечен, одлучувачки чекор што ќе ни овозможи да ја постигнеме целта, им порача Оланд на министрите и делегатите, на кои претходно францускиот министер за надворешни работи Лоран Фабиус им ја поднесе на разгледување нацрт глобалната спогодба, пренесоа француските медиуми.